Квартален извештај за работа на секој инспектор во први квартал од 2019 година

# КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СЕКОЈ ИНСПЕКТОР ВО ВТОРИ КВАРТАЛ 2019 ГОДИНА

**Вовед**

Квартален извештај за работа на секој инспектор во први квартал од 2019 година

Врз основа на член 15, точка 7 од Законот за инспекциски надзор, Директорот на Државниот пазарен инспекторат подготвува и до Инспекцискиот совет доставува:

**КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СЕКОЈ ИНСПЕКТОР ВО ВТОРИ КВАРТАЛ ОД 2019 ГОДИНА**

**1.Промени во регулаторната рамка по која инспекторите вршеле инспекциски надзор**

Во вториот квартал од 2019 година, се евидентирани следните измени и дополнувања на законите и подзаконските акти по кои Државниот пазарен инспекторат има надлежности да постапува:
-Сл.весник на РСМ бр.96,17.05.2019 година
Закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика,
Закон за прекршоците,
-Сл.весник на РСМ бр.98,21.05.2019 година
Закон за тутун, производи од тутун и сродни производи,
-Сл.весник на РСМ бр.101,22.05.2019 година
Закон за изменување и дополнување за Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати,
-Сл.весник на РСМ бр.102,22.05.2019 година
Закон за инспекциски надзор,
-Сл.весник на РСМ бр.108,28.05.2019 година
Закон за акцизите,
-Сл.весник на РСМ бр.124,18.06.2019 година
Закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска дисциплина,

**2.Нови усогласувања со меѓународните стандарди по кои инспекторите вршеле инспекциски надзор**
Нема

**3.Состојба во областите на инспекциски надлежности каде инспекторите вршеле инспекциски надзор**

Постоечката анализа на ризик е базирана на емпириски претпоставки од претходно извршени надзори, како и на податоци кои што се прибрани, обработени и анализирани врз основа на извештаите од работењето од претходните периоди. Критериумите на дефинирањето на ризичните подрачја се: број на идентификувани наоди во областа, висина на изречените мандатни казни, фреквенција на повторување на прекршоците кај пазарните субјекти во дадените области, влијание на прекршувањето врз здравјето и

безбедноста на потрошувачите и сл. Соодветната анализа на ризик е условена и од постоење на соодветна база на податоци од која ќе можат да се црпат податоци за анализата. Доколку се имаат во предвид критериумите за дефинирање на ризичните области во овој квартал како ризични области остануваат областа на трговијата, угостителството и занаетчиството .

## 4.Извршени инспекциски надзори од страна на инспекторите според закони кои подлежат на инспекциски надзор

Во извештајниот период согласно кварталниот план за работа било предвидено вкупно да се извршат **8.064** инспекциски надзори од кои **4.186** редовни, **119** контролни и **3.759** вонредни.

**Табела 1. Извршени инспекциски надзори по закони**

| Ред.бр. | Шифра на закон | Закон | Број на извршени инспекциски надзори |
|---|---|---|---|
| **1** | 1 | Закон за надзор на пазарот | **1** |
| **2** | 2 | Закон за трговските друштва | **62** |
| **3** | 3 | Закон за индустриска сопственост | **16** |
| **4** | 4 | Закон за електронска трговија | **2** |
| **5** | 5 | Закон за вршење туристичка дејност | |
| **6** | 6 | Закон за вршење угостителска дејност | **1.115** |
| **7** | 7 | Закон за вршење занаетчиска дејност | **932** |
| **8** | 8 | Закон за заштита на потрошувачите при договор за потрошувачки кредит | |
| **9** | 9 | Закон за правна заштита на услугите кои се засноваат или опфаќаат условен пристап | |
| **10** | 10 | Закон за електрична и електронска опрема | |
| **11** | 11 | Закон за скапоцени метали | **3** |
| **12** | 12 | Закон за градежните производи | **141** |
| **13** | 13 | Закон за таксата за привремен престој | **84** |
| **14** | 14 | Закон за акцизите | **4** |
| **15** | | Закон за постапување по предлози и претставки | |
| **16** | 30 | Закон за енергетика | **4** |
| **17** | 31 | Закон за задолжени резерви на нафта и нафтени деривати | |
| **18** | 32 | Закон за метерологија | **176** |
| **19** | 33 | Закон за контрола на предмети од скапоцени материјали | |
| **20** | 34 | Закон за трговија | **2.952** |
| **21** | 130 | Закон за инспекциски надзор | |
| **22** | 144 | Закон за државен пазарен инспекторат | **152** |

Квартален извештај за работа на секој инспектор во први квартал од 2019 година

| | | | |
|---|---|---|---|
| **23** | 153 | Закон за квалитет за амбиеталниот воздух | |
| **24** | 154 | Закон за управување со отпад | **18** |
| **25** | 155 | Закон за управување со пакување и отпад од пакување | **104** |
| **26** | 156 | Закон за заштита од бучавата | |
| **27** | 157 | Закон за заштита од пушењето | **369** |
| **28** | 158 | Закон за безбедност на производите | **122** |
| **29** | 159 | Закон за управување со електрична опрема | **1** |
| **30** | 160 | Закон за заштита на потрошувачите | **1.109** |
| **31** | 161 | Закон за хемикалии | |
| **33** | 163 | Закон за животна средина | **4** |
| **34** | 164 | Закон за постапување по преставки | **1** |
| **35** | 165 | Закон за шуми | |
| **36** | 166 | Закон за тутун и тутунски производи | |
| **37** | 19 | Закон за работните односи | **22** |
| **38** | | Закон за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност | **46** |
| | **ВКУПНО** | | **7.440** |

Извршениот број на надзори по закони се разликува од извршениот број на надзори во табеларниот извештај за инспектори, бидејќи со промена на правилникот за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во месец февруари 2019, се овозможува и останатите инспектори да вршат инспекциски надзор согласно законот за инспекциски надзор. Во регистар 10 ќе ви бидат доставени лицата на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во вториот квартал, а не биле предвидени во планот којшто е доставен во месец март 2019 година бидејќи немале добиено лиценца за вршење на инспекциски надзор.

Квартален извештај за работа на секој инспектор во први квартал од 2019 година




**Процентуално учество по закони во вкупниот број на извршени надзори**

-Закон за трговија 34 %
-Закон за угостителска дејност 17 %
-Закон за заштита на потрошувачите 15 %
-Закон за заштита од пушење 14 %
-Закон за вршење на занаетчиска дејност 11 %
-Закон за метрологија 3 %
Овие шест (6) закони учествуваат со над 90 % во вкупниот број на извршени надзори.

**Табела 2. Извршени инспекциски надзори (редовни,контролни и вонредни) во однос на планот во први квартал 2019 во споредба со први квартал 2018 година**

| Инспекциски надзори | Втор кваратал 2019 | | Втор квартал 2018 | |
|---|---|---|---|---|
| | Планирано | Реализирано | Планирано | Реализирано |
| Редовни | 4.186 | 1.726 | 6.696 | 4.088 |
| Контролни | 119 | 1.350 | 108 | 944 |

Квартален извештај за работа на секој инспектор во први квартал од 2019 година

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Вонредни** | **3.759** | **3.821** | **324** | **1.603** |
| **Вкупно** | **8.064** | **6.897** | **7.128** | **6.635** |

Од табелата може да се забележи дека во вториот квартал од 2019 година со 98 државни пазарни инспектори се реализирани 6.897 инспекциски надзори што е за 17% повеќе во однос на први квартал 2018 година, каде со 108 државни пазарни инспектори се извршени 6.635 инспекциски надзори. Исто така треба да се потенцира дека во вториот квартал 2019 година,планот е надминат со 2 % во однос на бројот на извршени инспекциски надзори, а во втори квартал од 2018 година, реализацијата на планот е 79,8 %.

## 5.Остварување на проценетите ризици според кои инспекторите селектирале и таргетирале инспекциски надзор

Критериумите за дефинирањето на ризичните подрачја се: број на идентификувани наоди во областа, висина на изречените мандатни казни, фреквенција на повторување на прекршоците кај пазарните субјекти во дадените области, влијание на прекршувањето врз здравјето и безбедноста на потрошувачите и сл. И во први квартал од 2019 година, доколку како критериумот се земе бројот на констатирани неправилности во одделни области таргетирани како ризични, и понатаму како најризични области остануваат трговијата, занаетчиството и угостителството, а воедно во овие области се превземени и најголем број на инспекциски мерки.

## 6.Состојба во ризичните области каде што инспекторите вршеле инспекциски надзор

Состојбата во дефинираните ризични области е непроменета и понатаму како ризични остануваат истите области. Бројот на идентификувани наоди во областа, висина на изречените мандатни казни, донесените решенија во управна постапка, фреквенција на повторување на прекршоците кај пазарните субјекти во дадените области, влијанието на прекршувањето врз здравјето и безбедноста на потрошувачите и сл се остваруваат со истата динамика.

## 7.Остварување на планот на минимални квантитативни цели на инспекциската служба, како резултат на инспекциски надзор

Во кварталниот план за работа на Државниот пазарен инспекторат во втори квартал од 2019 година, планирано е секој државен пазарен инспектор во просек да реализира 19 инспекциски мерки. Истиот број на мерки по инспектор е планирано да се реализира и во вториот квартал од 2018 година.

Квартален извештај за работа на секој инспектор во први квартал од 2019 година

Во извештајниот период во просек се реализирани следните мерки :

**Табела 3 - Табеларен приказ на реализирани инспекциски мерки во втор квартал 2019 година, во однос на втор квартал од 2018 година**

| Вид на инспектор | | Втори квартал 2019 | | Втори квартал 2018 | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Планирани мерки | Број | Реализација | Број | Реализација |
| Државен пазарен инспектор и Државен инспектор за безбедност на производи | Решенија | 391 | 185 | 318 | 210 |
| | Едукација | 911 | 469 | 738 | 327 |
| | Мандатна | 391 | 8 | 315 | 28 |
| | Порамнување | 387 | 140 | 315 | 240 |
| | Прекршочно барање | 387 | 62 | 318 | 78 |
| | Кривична пријава | / | / | / | / |
| Вкупно | | 2.467 | 864 | 2.004 | 883 |

## 8.Извршени инспекциски надзори по инспектор и постигнати резултати

Од вкупниот број на државни пазарни инспектори 64 го исполниле планот доколку се земе во предвид вредноста на извршениот инспекцискиот надзор, а 34 се со вредност под планираната 103. Мораме да потенцираме дека резултатите во први квартал 2019 година, се значитено подобри во однос на резултатите од првиот квартал во 2018 година. Во наредниот временски период акцентот треба да се стави на зголемување на бројот на координирани инспекциски надзори со други инспекторати и инспекциски служби, со што ќе се зголеми комплексноста на надзорите и ќе се подобри ефикасноста на севкупниот инспекциски надзор во земјата. Исто така инспекциските надзори кои ќе се вршат во наредниот период ќе бидат сеопфатни и длабински со тоа што при надзорите инспекторите ќе применуваат повеќе закони, но кај субјектите ќе се прави и попис на одделни производи по избор на инспекторот и споредба на констатираната фактичка состојба со сметководствената.

## 9.Извршени координирани инспекциски надзори со други инспекциски служби

Во вториот квартал од 2019 година, извршен е еден координиран инспекциски надзори и тоа:

Државниот пазарен инспекторат на 22.4.2019 година, во координирана акција со Царинската управа на РСМ изврши инспекциски надзор на Зелен пазар, пазарот во Ѓорче

Петров и пазарот во Битола при што од затечените нерегистрирани трговци одзеде 293 килограми режан тутун и одредена количина на хартија за виткање на тутун.

## 10.Оцена на резултатите од извршениот инспекциски надзор со образложение за причините

Врз основа на податоците од табелите произлегува дека планираните инспекциски надзори се остварени со 102%, додека кај реализираните инспекциски мерки просечен процент на остварување е 48% од планираното. Доколку се направи компарација со превземените мерки во првиот квартал од 2018 година, може да се забележи дека процентот на превземени мерки во однос на планираните е значително зголемен од 22,4% на 48% во првиот квартал од 2019 година. Од вкупниот број на државни пазарни инспектори само 9-на ги исполниле планираните мерки. Од страна на пет (5) државни пазарни инспектори во овој период не е превземена ниту една мерка. Од значителна важност е да се напомене дека бројот на државни пазарни инспектори кои не превземале ниту една мерка се намалува од квартал на квартал. Во првиот квартал од 2018 година, бројот на државни пазарни инспектори кај кој е констатирано дека не превземале ниту една мерка во кварталот бил 30 државни пазарни инспектори, а во први квартал од 2019 година нивниот број е 5 државни пазарни инспектори.
Од компарацијата на горе приложените табели може да се констатира дека кај сите показатели во први квартал од 2019 година, има значителни подобрувања.
Исто така во овој квартал надзорите беа фокусирани кај трговците на големо со разни видови на стока, а согласно одредбите од Законот за трговија. Се правеа врзани инспекциски надзори, односно по извршениот надзор кај трговецот на големо, инспекциските надзори продолжуваа и се фокусираа и кај трговците на мало. Против трговците на големо и мало кај кој се констатирани неправилности во делот на евидентирање и прикажување на остварениот приход се превземени соодветни мерки. Имено, приходот од издадените готовински фактури на нивните купувачи ,трговците на мало со разни видови на стока воопшто не го евидентирале во трговската евиденција и со тоа вршат евазија на даноци.

## 11.Човечки ресурси и интегритет

Еден од акутните проблеми во Скопското одделение вршат надзор, во кое што 16 инспектори вршат надзор над 26,000 пазарни субјекти и речиси 70% од вкупната економска активност во државата. Бројот на инспектори во Одделението за инспекциски надзор Скопје во последните 15-на години е во континуиран пад од 60 државни пазарни инспектори на 16 државни пазарни инспектори. Од друга страна надлежностите на Државниот пазарен инспекторат постојано се зголемуваат и истите се речиси двојно зголемени во однос на претходниот период.

Квартален извештај за работа на секој инспектор во први квартал од 2019 година

Еден од проблемите со кои се соочува Инспекторатот се и недоволните обуки на инспекторите. Во изминатата деценија не е организирана ниту една специјализирана обука за инспекторите. Зголемувањето на ефикасноста и ефективноста на инспекцискиот надзор е во директна корелативна врска со условите за работа, а особено со обученоста и стручноста на пазарните инспектори. Зголемување на ефикасноста и ефективноста на инспекцискиот надзор може да се постигне само доколку државните пазарни инспектори имаат редовни специјализирани обуки. Зачестените измени во законите, непостоењето на пречистени текстови на законите по кои Државните пазарни инспектори вршат инспекциски надзори, генерираат потешкотии при нивната практична имплементација .
Неповолна старосна структура на инспекторите со голем број на инспектори со возраст над 55 години, кои согласно законот неможе да се испраќаат во ноќни контроли исто така преставува сериозен ограничувачки фактор во работењето на Инспекторатот.

**12.Транспарентност**

Сите позначајни активности на Државниот пазарен инспекторат, самостојни и координирани со други инспекторати и инспекциски служби се објавуваат на веб сајтот на Инспекторатот. Соработката со електронските и печатените медиуми е на завидно ниво. Директорот на Државниот пазарен инспекторат често пати гостува на разни телевизиски емисии кои се отворени за гледачите во кои со одговори на нивни прашањата ја запознава јавноста со основните надлежности на Инспекторатот или пак согласно законската регулатива дава совети и појаснувања како потрошувачите да ги заштитат своите потрошувачки права доколку истите се повредени. Покрај едукативниот ефект од вакви гостувања, со вакви телевизиски настапи се придонесува и за значително подигнување на јавната свест кај потрошувачите. Воедно за одредени актуелни теми (безбедност на детски играчки, безбедност на текстилни производи, квалитет на течните горива и др.) од Инспекторатот се даваат кратки изјави во електронските и печатените медиуми. Исто така зачестени се и работните средби на Државниот пазарен инспекторат со претставници од стопанските комори и здруженија на кои се разгледуваат одделни тековни проблеми со кој се соочуваат економските оператори од соодветни области, како и предлог мерки за нивно надминување.

Архивски бр:
Скопје,

Изработил:Тина Темовска
Раководител на одделение за управување со ризик

Контролирал:

ДРЖАВЕН
ПАЗАРЕН
ИНСПЕКТОРАТ

Квартален извештај за работа на секој инспектор во први квартал од 2019 година

Виктор Дерменџиев
Раководител на сектор за инспекциски надзор

Потписник
Директор,
Стојко Пауновски